**20181983603**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА КЛИНИЧКИОТ ЦЕНТАР МАЈКА ТЕРЕЗА ВО СКОПЈЕ И РЕГИОНАЛНАТА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ВО ШТИП

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за финансирање на Проектот за изградба и модернизација на клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје и Регионалната клиничка болница во Штип,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 октомври 2018 година.

Бр. 08-6105/1
24 октомври 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА КЛИНИЧКИОТ ЦЕНТАР МАЈКА ТЕРЕЗА ВО СКОПЈЕ И РЕГИОНАЛНАТА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ВО ШТИП

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за финансирање на Проектот за изградба и модернизација на клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје и Регионалната клиничка болница во Штип („Службен весник на Република Македонија“ број 98/15), во насловот зборовите: „клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје“ се бришат.

Член 2

Во членот 1 износот „97.000.000“ се заменува со износот „26.937.458“, а зборовите: „клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје и“ се бришат.

Член 3

Во членот 2 ставови 1 и 2 и членот 5 зборовите: „клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје и“ се бришат.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".